Република Македонија
**Министерство за правда**

[redacted]

**Предмет:** Извештај од спроведени консултации по однос на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација

Согласно член 8 и 9 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/11), Министерството за правда во постапката на подготовка и пред поднесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, известува дека во предложениот текст на истиот се овозможи јавен увид, односно истиот беше објавен на ЕНЕР, заедно со образец број 1- План за почетна процена на влијанието на регулативата и обрзец број 2 –Иницијалната проценка на влијанието на регулативата, како и на веб страната на министерството. Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да го дадат своето мислење и коментари по Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација.

Воедно Министерството за правда Ве известува дека Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација го достави на мислење до Секретаријатот за законодавство, Министерството за финансии на Република Македонија и Комората на медијатори на Република Македонија.

Комората на медијатори во своето мислење по предлог законот наведе забелешка дека со членот 2 од предлог законот непотребно се одземаат ингеренции на Комората, но истата не се прифаќа од причина што во Комората нема вработено лице кое ќе го плаќа Комората и кое ќе може да врши упис на медијациите во пропишаниот Регистар на медијации, како и од причина што државата ќе врши субвенционирање на медијацијата, логично е решението во предлог законот Регистарот за евиденција на постапките за медијација да го води Министерството за правда. По однос на забелешките на Комората на член 3 од предлог законот дека конкретното работење на Собранието се уредува со Статутот и дека ваквото уредување на работењето на Собранието го нема во ниту еден закон, истите не се прифаќаат од причина што во Законот за медијација и во Статутот на Комората нема пропишано

одредби за свикување редовно годишно собрание на Комората и период кога се свикува, како и одредби за свикување на вонредна седница на Собранието, како што се пропишува сега со предлог законот, а на ист начин се пропишани одредби во Законот за нотаријатот и Законот за извршување за свикување на редовно годишно собрание и вонредно собрание на Нотарската комора на Република Македонија и Комората на извршители на Република Македонија. По однос на забелешките на Комората на член 5 став 3 од предлог законот, во однос на тоа дека со предлог законот е пропишано дека Собранието одлучува за предлогот пресметка за наредната година и дека тоа не е пропишано со ниеден закон, како и тоа дека се правела само пресметка за претходната година истите не се прифаќаат од причина што со предлог законот се уредува дека Собранието на Комората се состанува редовно еднаш годишно и тоа во првата недела на месец февруари на кое ќе се одлучува за годишната сметка за претходната година и предлогот на пресметка за наредната година која е поврзана со активностите на Комората за наредната година.

Министерството за правда постапи во целост по забелешките од Секретаријатот за законодавство и изврши усогласување на Предлог законот.

Министерството за правда постапи во целост по забелешките од Министерството за финансии и изврши усогласување на Предлог законот.

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**Blerim Bexheti**